РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 02-5306/2
12.12.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 10 став 1 и став 6 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-3632/1 од 22.8.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 21. седница одржана на 12.12.2025 година, во врска со Предлогот бр.03-5325/1 од 10.12.2025 година за покренување прекршочна постапка против операторот Друштво за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје за прекршување на член 141 од ЗААВМУ, го донесе следниот:

# З А К Л У Ч О К

1. Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-5271/1 од 4.12.2025 година на Друштвото за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

2. Советот заклучи против Друштвото за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи со надзорот е констатирано дека Друштво за трговија и услуги „Тотал ТВ“ ДОО Скопје, кое според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата на Република Северна Македонија, на ден 03.12.2025 година за своите корисници ги реемитувал програмските сервиси „Happy“, „Prva“, „Tanjug“, „Prva World“, „ Diva“, „Nickelodeon “, „Nick Junior “, „KCN 1“, „KCN 2“, „KCN 3“, „Prva Plus “, „Prva Kick“, „Sci Fi“, „Club MTV“, „MTV ‘80“, „MTV Life“ и „B92“, кои не се опфатени со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. Се задолжува Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за наведениот оператор.

4. Примерок од Заклучокот да се достави до:

- Раководителите на сите сектори во Агенцијата;
- Назначено лице од Агенцијата, за водење на предмети по управна постапка;
- Одделение за поддршка на работата на Советот на Агенцијата;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи – архива на Агенцијата.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот**

**м-р Сашо Стефановски**